Slow Food
Bitola

ПРОГРАМСКИ И ФИНАНСИСКИ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ СЛОУ ФУД БИТОЛА 2023



СОДРЖИНА

ЗА СЛОУ ФУД БИТОЛА....3
ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО....4
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СФ БИТОЛА....5
Годишно собрание на СФ Битола....5
ЛОКАЛНИ НАСТАНИ....6
Посета на винарија Пармак....6
Пазар на фармери....7
Прослава на Тера Мадре ден....9
Новогодишен Слоу Фуд Базар....10
УЧЕСТВО НА НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ДРУГИТЕ СЛОУ ФУД КОНВИВИУМИ....12
Ohrid Water Festival....12
УЧЕСТВО НА НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ....13
Млеко 2023: Вкусот на ливадите....13
УЧИЛИШНИ ГРАДИНИ ВО БИТОЛА....15
КОМУНИКАЦИИ....16
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ....17

ЗА СЛОУ ФУД БИТОЛА

Конвивиумот Слоу Фуд Битола како здружение е основан во 2011 година, а од 2018 година е членка и еден од основачите на Слоу Фуд Македонија.

Визијата на Здружението Слоу Фуд Битола е нова гастрономска култура базирана на традиционалната македонска кујна, разновидните земјоделски производи од локалните фармери и знаењето на новите генерации, трпеза која ги комбинира задоволството од вкусување на храната и одговорноста која стои пред идните генерации бидејќи преку чинијата која е секојдневно пред нас ние го гарантираме опстанокот на многу сорти, раси, производи и методи на преработка, како и опстанокот на малите фармери во руралните средини.

Мисијата на Здружението Слоу Фуд Битола е преку различни активности трајно да го промени функционирањето на прехранбениот систем. Ќе се присетиме и навратиме на заборавените вкусови и ќе ги едуцираме новите генерации да ги почитуваат нашите традиции, растенијата, животните, плодните почви и води, од кои произлегува нашата храна. Ние ќе ја инспирираме трансформацијата на политиката за храната, производните пракси и пазарните сили, така што тие да обезбедат задоволство, еднаквост, одржливост на храната што ја јадеме.

Стратешки цели на Здружението се заштита и промовирање на материјалното и нематеријалното културно наследство поврзано со производство на храна, развој на високо квалитетно одржливо земјоделство и производство на храна во согласност со традиционалните методи од страна на ситните производители и едукација на ко-производителите (консументите) за производството, значењето и карактеристиките на храната.

Остварувањето на својата визија и мисија и достигнувањето на стратешките цели здружението ги реализира преку следните активности:

- Промовирање на гастрономски и културни иницијативи
- Промовирање и поддршка на иницијативи со цел да се зачува и да се зајакне идентитетот, културната историја на областа во која се врзува специфично производство, особено зачувување на биолошката разновидност;
- Организирање на тренинзи за јакнење на капацитетите на членовите за активности на слоу фуд;
- Организирање на настани, изложби, конференции, состаноци, трибини, семинари, за постигнување на целите, со вклучување во активностите на членовите, производителите, готвачи, експерти и други лица;
- Организирање собирање средства за реализација на програмски активности;
- Промовирање на иницијативи насочени кон скратување на синџирот на храна од производители до потрошувачи;
- Склучување на договори со јавни и странски институции за реализација на проекти за остварување на визијата и мисијата на Слоу Фуд;

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Раководни органи на здружението се претседателот и управниот одбор.

Претседател на Слоу Фуд Битола избран на годишно собрание во 2020 година, со четири годишен мандат, е Игор Поповски.
Управниот одбор на здружението го сочинуваат 7 члена со мандат од 4 години и право на реизбор. Претседател на управниот одбор е претседателот на здружението. Во Управен одбор на здружението се следните членови:

1. Игор Поповски – претседател
2. Анита Главевска - член
3. Виолета Димовска - член
4. Елена Котевска – член
5. Јасна Ѓоргиевска - член
6. Кире Сотировски - член
7. Марјан Бакревски – член

Според статутот на здружението, сите членови имаат право:

- Рамноправно да учествуваат во остварувањето на целите на здружението,
  Да ја помагаат и унапредуваат работата и да придонесуваат за развојот и угледот на здружението,
- Да покренуваат иницијативи, предлози и расправи по одредени прашања и да учествуваат при одлучување за истите,

- Да учествуваат во одлучувањето на Собранието на здружението
- Секој член има право на глас, да избира и да биде избиран во телата на здружението
- Да бидат информирани за работата и активностите на здружението
- Да бидат ангажирани во проектите на здружението
- Да изнесуваат мислења и ставови за работата на органите и телата на здружението
- Да го претставуваат здружението и да присуствуваат на локални, национални и интернационални настани

ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СФ БИТОЛА

Годишно собрание на СФ Битола

Во однос на организациските активности на здружението во 2023 година, беше организирано Годишно собрание на здружението и се направи план за апликации за финансиска поддршка за организација на настани.

На годишното собрание на Слоу Фуд Битола се усвои Годишниот програмски и финансиски извештај за 2022 година и се усвои годишната програма за работа на здружението во 2023 година.



ЛОКАЛНИ НАСТАНИ

Посета на винарија Пармак

11.03.2023

Членови од конвивиумот Слоу Фуд Битола ја посетија винаријата Пармак каде се направи дегустација на вина. Винаријата постои од 2020 година. Основана е од Владимир Алтимармаков кој денеска произведува црвени и бели вина. Од белите вина тој е горд на темјаниката и траминецот, а од црвените тука се Pinot Noir, Cabernet Sauvignon и розе вино. Денеска винаријата произведува до 6 тона, а во иднина имаат план да направат сопствени насади каде ќе ја дислоцираат винаријата со просторија за храна и дегустација.







Пазар на фармери

24.06.2023, Битола

Слоу Фуд Битола организира настан насловен како „Пазар на фармери“ за промоција на своите членови производители. Настанот се одржа на 24 јуни 2026 год. во старата битолска чаршија покрај реката Драгор.
Малите производители имаа можност да ги претстават своите уникатни производи - сирења и кашкавали, зимница, јаболка, вина и дестилати, буковска пипер, ѓомелзе и други традиционални гастрономски богатства.
Ова беше одлична можност да се набават производи директно од производителите, луѓето да се запознаат со производителот, па дури и дегустираат и да прашаат нешто повеќе за омилениот производ.






ПРИРОДНИ ПРОИЗВОДИ
БАЛТАЗАР
Моја бавча
Slow Food
MARKOV
WINERY
MUSCAT
Пазар на фармери

Прослава на Тера Мадре ден

11.12.2023, Битола

Скоја година сите конвивиуми во светот го слават Денот на Тера Мадре на 10 декември. Ова претставува глобална иницијатива на Слоу Фуд за промоција на локалната традиционална кујна, одржливото земјоделство и разновидноста на храната. Тоа е ден посветен на прославување на богатството на локални прехранбени култури и луѓето кои ги овозможуваат.

Традиционално и оваа година конвивиумот Слоу Фуд Битола го одбележа овој ден со заедничка вечера на членовите. Вечерата се претвори во вистинско уживање во вкусови и прекрасна дружба и забава.





Новогодишен Слоу Фуд Базар

31.12.2023, Стара битолска чаршија

На 30.12.2023 се одржа Слоу Фуд базар во склоп на Зимска приказна која ја организира Општина Битола. Учество зедоа производители од Слоу Фуд Македонија, а беа сместени во Старата чаршија покрај реката Драгор.
















PastaDelucia







nerGems
ПОСНИ


ЗИМСКА

ОФИЦЕРСКИ ДОМ
СТАРА ЧАРШИЯ

УЧЕСТВО НА НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ДРУГИТЕ СЛОУ ФУД КОНВИВИУМИ

Малите производители, членови на Слоу Фуд Битола, беа поканети да учествуваат на настани во организација на други конвивиуми во Македонија.

Ohrid Water Festival

13-30 август 2023, Охрид

Мали производители членови на Слоу Фуд Битола, беа поканети да учествуваат на Ohrid Water Festival кој се реализира од 12 до 30 август во Охрид, во организација на здруженија на граѓани и општина Охрид.



















УЧЕСТВО НА НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Млеко 2023: Вкусот на ливадите

13 септември 2025, Прилеп

Производители од СФ Битола зедоа учество на националниот настан Млеко кој веќе петта година се одржува во Прилеп. Овогодинешното издание на манифестацијата беше под мотото: Вкусот на ливадите - инспирирано од млеката од различни раси кои се разликуваат исто колку и расите меѓусебно; пасиштата на кои паселе – планини, ридови, долини или чистинки, и сезоната во која било направено сирењето. Сите овие елементи се забележуваат во крајниот производ, комбинирајќи се на безброј начини за да ги дадат уникатните сирења кои ние ги сакаме.



Станува збор за манифестација, која претходно се одржуваше на секои две години од 2014 година наваму на различни локации, меѓутоа од минатата година се одржува во Прилеп и идејата е да се одржува еднаш годишно.

Настанот се одржа на 02.09.2023 год. во прилепската чаршија, кај Саат кулата, од 10 до 18 часот, во организација на Слоу фуд Прилеп и Слоу фуд Македонија, а со поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Општина Прилеп.

Овој целодневен настан опфати изложба на сирења и млечни производи, но и на други производи кои одат во пар со сирењата. На штандовите во рамки на настанот се промовираа малите македонски млекопроизводители со своите уникатни млечни производи, така што имаше можност да се пробаат бели сирења од различни региони, биено сирење од кравјо или овчо млеко, козји тврдо зреени сирења или сирења што многумина би го именувале со кашкавал, изварка во повеќе варијации и слично.

За поубаво искуство на посетителите вклучени беа производители на продукти кои одлично се вклопуваат со млечните производи како вина, мед, слатка, тестетнини, крафт пива, сувомеснати производи, ракии и ликери, намази, зимници и сл. Освен тоа, на настанот беа вклучени и мали производители на природна козметика која вклучува млеко во својата изработка, меѓу кои и најздравите млека како магарешкото и козјото.

Освен презентации и дегустации во рамки на настанот беше организирана Панел дискусија на која учествуваа млекопроизводители и експерти од областа. Настанот имаше и активности за најмладите - две едукативни и забавни работилници за деца водени од едукатори од Слоу Фуд Училишни градини, како и музичка програма.

Од присутните изложувачи на сирења, беше избран еден делегат кој заедно со веќе дефинирана делегација ќе ја претставува Македонија на меѓународниот настан посветен на сирењата и млеката од целиот свет - Cheese 2023, во Бра, Италија.















УЧИЛИШНИ ГРАДИНИ ВО БИТОЛА

Битолските училишта кои се вклучени во програмата Слоу Фуд Училишни градини се вклучија во акцијата организирана од Слоу Фуд Македонија: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА.





КОМУНИКАЦИИ

Членовите на конвивиумот редовно се известуваат за активностите на конвивиумот преку апликации за комуникација.

Слоу Фуд Битола има профили на социјалните мрежи каде што може да се следат активностите на конвивиумот.
Slow Food Bitola https://www.facebook.com/slowfood.bitola

Повеќе информации за Слоу Фуд Македонија може да се најдат на интернет страната на организацијата и нејзините социјални медиуми.
Интернет страна: www.slowfood.mk
Facebook профил:
Slow Food Macedonia https://www.facebook.com/slowfood.mk/?locale=mk_MK

Повеќе информации за функционирањето на Slow Food International може да се најдат на следните линкови:
Интернет страна: www.slowfood.com
Facebook профил:
Slow Food International https://www.facebook.com/slowfoodinternational/

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЕМБС: 06711820
Целосно име: Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	287.092,00			122.851,00
202	- - Потрошени материјали	28.392,00			5.351,00
203	- - Потрошена енергија	11.169,00			
204	- - Други услуги	158.030,00			80.000,00
205	- - Превозни и транспортни услуги				5.000,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација				32.500,00
209	- - Наемнини	78.037,00			
210	- - Други материјални расходи	11.464,00			
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	31.922,00			11.253,00
212	- - Провизија за платен промет	8.212,00			2.153,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	21.610,00			
219	- - Други расходи	2.100,00			2.100,00
221	- - Пренесени средства				7.000,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)	52.000,00			
227	- - Помошти, донации и други давања на субјекти	52.000,00			
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	18.363,00			
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	389.377,00			134.104,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	2.886,00			3.212,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	2.886,00			3.212,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	392.263,00			137.316,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)				15.780,00
242	- - Приходи од услуги				15.780,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	174.098,00			112.650,00
247	- - Други приходи	72.000,00			6.000,00

248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	146.165,00			2.886,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	392.263,00			137.316,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	392.263,00			137.316,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	28.079,00	249.191,00	242.329,00	6.862,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	28.079,00	249.191,00	242.329,00	6.862,00
6	- - Опрема	28.079,00	249.191,00	242.329,00	6.862,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	310.786,00	312.998,00	2.886,00	310.112,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	2.886,00	3.212,00		3.212,00
12	- - Жиро сметка	2.886,00	3.212,00		3.212,00
23	- - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ	3.900,00	3.900,00		3.900,00
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)	304.000,00	305.886,00	2.886,00	303.000,00
26	- - Пренесен вишок на приходи од претходната година		2.886,00	2.886,00	
27	- - Други активни временски ограничувања	304.000,00	303.000,00		303.000,00
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		36.709,00	36.709,00	
31	- - Ситен инвентар		36.709,00	36.709,00	0,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	338.865,00	598.898,00	281.924,00	316.974,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	28.079,00			6.862,00
45	- - Деловен фонд	28.079,00			6.862,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061)	304.000,00			303.000,00
56	- - Други краткорочни обврски	304.000,00			303.000,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	6.786,00			7.112,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	2.886,00			3.212,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	3.900,00			3.900,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	338.865,00			316.974,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	174.098,00			112.650,00
692	- - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР)	72.000,00			6.000,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	2.886,00			3.212,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	2.886,00			3.212,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	2.886,00			3.212,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2598	- 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место				137.316,00

Потпишано од:

SLOBODANKA VELJANOVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Сите права се задржани © 2013 Централен Регистар на Република Северна Македонија